**СТОЈАНОВСКИ Страшко**
**ЉОРОВСКИ Димитар**
**МАРОЛОВ Дејан**

**УДК: 323.1(=163.3):32(495)**

## ГРЧКАТА ПОЛИТИКА И МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ

**Апстракт:** Политизацијата на Македонското прашање се интензивира во втората половина на 19 век, со зголеменото присуство на соседните пропаганди на територијата на доцноосманлиска Македонија. Во овој период се нудени различни програми за решавање на истото, но тие во голем дел сепак ќе претставуваат одраз на амбициите на соседните млади балкански нации за територијална експанзија.

Овој труд ќе се фокусира на симболичките и конкретните политички активности на Грција, која има за цел национално да ја унифицира Егејска Македонија според нејзините национално- државни шаблони. Ова ќе резултира со идентитетско редефинирање на македонското автохтоно население, кое подеднакво се базира и на методите на спроведување на геноцид, но и на етноцидните методи. Сепак, политиката на Грција не се ограничува само на територијата на Македонија која влегува во нејзините граници. Во континуитет, од создавањето на македонската државност во рамките на СФР Југославија, а подоцна и со осамостојувањето на Република Македонија, Грција настојува културно и национално да го обезличи својот северен сосед, пред се насочувајќи ја својата политика кон ре-дефинирање на Македонскиото национално име, идентиет и посебност.

**Клучни зборови:** *Македонија, Грција, идентитет, малцинство, нација*

**STOJANOVSKI Strasko**
**LJOROVSKI Dimitar**
**MAROLOV Dejan**

## GREEK POLICY AND THE MACEDONIAN QUESTION

**Abstract:** With the increased presence of the neighboring propaganda activities on the space of late Ottoman Macedonia, the political utilization of the Macedonian question grows in the second half of the 19-th century. In the same period there are different programs for solving it, but in great sense they are representation of the political and territorial ambitions of the young Balkan states.

In this paper we are focusing on the symbolic and concrete political activities of Greece, which by her own national patterns, has intention to unify the Aegean part of Macedonia. This results with identity redefinition of the Macedonian native population, which is equally based on usage of methods of ethnocide and genocide. Yet, the official Greek politics does not limit itself just on the territory of Macedonia included in its borders. In continuity, from the creation of Macedonian statehood as a part of ex SFR Yugoslavia, and later with the independence of Republic of Macedonia, Greece is working on cultural and national denomination of its northern neighbor, focusing on redefinition of Macedonian national name, identity and separateness.

**Keywords:** *Macedonia, Greece, identity, minority, nation.*

**Вовед: Грчката политика и Македонското прашање пред Балканските војни**

Кон крајот на 18 век, како и во останатиот дел од светот, така и на Балканот доминира империјалниот поглед на светот. Употребата на „светите јазици“ била прифатена од градските средновековни центри, поради практичната потреба за користење на јазикот во трговијата произлезена од мобилноста на населението. Но кога бил направен обид ваквиот „свет Грчки јазик“ преку христијанизацијата да биде наметнат на селските маси (статични и тадиционалистички ориентирани), се појавил отпор можеби не толку насочен кон самото верување (христијанството), отколку на начинот на кој било пренесувано (преку непознатиот Грчки јазик).

Од „Грчкиот Проект“ на Катерина Велика и Јосиф Втори од 1770-те,[1] не било тајна дека плановите постојат не за ослободување на оваа или онаа етничка група, туку да се замени Османлиската исламска со „Грчка“, се- христијанска Империја. Грчката опозиција на османлиското владеење, била гледана како предизвик кој потекнува од друга Империја. Проектот на Велестинилис за Грчка Империја на Балканот и во Мала Азија, со центар во Константинопол има ист контекст (Adanar, 1998: 234). Почетоците на промоцијата на балканскиот национализам настануваат со еволуцијата на толкувањето на ваквиот империјален проект на големите сили, кој зачинет со западните идеолошки струење ќе започне да се придвижува во насока на чисто грчко национално проектирање. Првата земја од Големите сили која ја препознава важноста на Грција (читај Балканот) е Русија, која во времето на Катерина Втора истапува со конкретна акција и планови во однос на регионот. Притоа, „нејзината шема се сврте кон обнова на Византиска „Грција“. Словенските националности дури и не постоеја во нејзиниот план“. Во оваа насока се оди во развој на „Пан-ортодоксијата“, манифестирана низ активностите на Фелике Етерија во 1814 година во Одеса. „Се разбира дека Русите кон крајот на 18 век им понудија помош на Србите и Црногорците, но останува фактот дека религиозната поврзаност имала поголемо значење отколку јазичните наклоности...“ (Вилкинсон, 1992: 52).

Пан-православниот карактер на востаничките движења до крајот на 18-тиот, почнал во првите декади на 19 век да еволуира во насока на создавање на национални идентитети, во прв ред на грчкиот национален идентитет. Клог ќе забележи дека „новите владетели на Грција во основа се соочиле со проблемот заедно со државата да ја конструираат и нацијата. Не било лесна задача да се создаде чувство за лојалност кон државата, кое едновремено треба да ги надмине традиционалните лојалности кон семејството, родното село и регионот“ (Clog, 1993: 27).[2] Сето ова било инспирирано од западноевропскиот рационализам, либерализам и романтизам. Така статусниот симбол на православната екумена- грчкиот „свет јазик“, започнува да биде монополизиран од националистичките погледи на романтичарските елити.[3] Оттука, неговата вредност како јазик на верата и посредник помеѓу земниот и небескиот свет, е нарушена со тенденцијата ваквата состојба да се искористи за создавање на „висока култура“, која ќе има моќ не само да се јави како медијатор, туку преку асимилација да се здобие со монопол во рамките на народните култури. Токму поради

[1] За полагањето на Руските права врз правоскавните поданици во Османлиската империја по Кучук Кајнарџискиот мир од 1774 година (Миновски, 2008: 71).

[2] „Денешпниот Грчки селанец“ запишал уредникот на еден весник во побунета Грција „не е повторно роден (воскреснат), како што често се верува; тој е роден (сега)“ (Clog, 1993: 227).

[3] Во текот на првите неколку векови од егзистирањето на Империјата постои тенденција на премин на контролата кај православните поданици под суprematија на Цариградската патријаршија, а со тоа контролата ја превземаат грчките фанариотски кругови (Poulton, 1995: 37).

ова, како и фактот за хетерогениот карактер на Балканот, на процесот на грцизација ќе се спротивстави јазичната бариера на т.н. словенски групи, или создавањето на панславизмот.

Целната група на српските, бугарските и грчките[4] амбиции за проширување во Македонија, биле македонските христијани. Користејќи се со свештеници, учени, учители, трговци, па дури и војници ослободени од службата на матичната земја, преку религиската конверзија, академски расправи, економскатта неопходност, или како посебен инструмент- брутално користење на сила, во нивните кампањи за решавање на националното прашање на македонските христијани (Brown, 2003: 38).

Периодот по Берлинскиот договор Патријаршијата го искористила за хеленизација на словенските села во околината на Солун (Brooks, 2005: 101). Во наредниот период грчката пропаганда ќе се прошири на север, опфаќајќи ја речиси цела Македонија, но сепак со најголем интензитет во нејзините јужни и централни делови. Според Даглас Дакин, Хеленизмот главно произлегувал од Патријаршиската црква, од распространетите грчки училишта и од класата која во одредена мера уживала економска супериорност, класа која била конзервативна, која можела да изгуби се и која се акомодирала себе си во турското владеење..." (Ibidem, 100, 101). Главната претпоставка со која истапувале грчките пропагатори била онаа за историскиот „грчки" карактер на Македонија, а населението кое е резултат на „нелегитимна словенизација", повторно треба да се врати на своите грчки јазични и културни корени. Притоа се настојува да се користи навидум неутралната категорија „славофони". Според Грчкиот епископ во Битола, „Славофони се Грци кои ги покориле локалните „Словени (варвари)", но бидејќи робовите не можеле да го научат Грчкиот јазик, владејачките Грци го научиле Словенскиот и постепено го заборавиле Грчкиот јазик " (Брејлсфорд, 200). Брејлсфорд забележува дека „Сите Грци во Битола се всушност Власи" и истите „*Зборувале Грчки во јавноста, а Влашки дома*". Власите демонстрирале лојалност кон Патријаршијата (Ibidem, 112, 113). За во почетокот на 20 век, тој пишува дека во Македонија не постои lingua franca, а улогата (која ја имал во не толку далечното минато) на Грчкиот, освен на југ, денес (се мисли во периодот на првата деценија на 20 век) се префрла на Францускиот (Брајлсфорд, 2003: 145, 146). Понатаму, во почетокот на 20 век Брејлсфорд ќе забележи дека „Македонија никогаш не била грчка, но онаа елинистичка цивилизација што ја имала, била уништена одамна пред доаѓањето на Турците и многу порана пред настанувањето на српското и бугарското царство. Таа била уништена од еден несвесен заговор меѓу Византиската Империја и варварите " (Ibidem, 154).[5]

[4] Грчката политика во Македонија во втората политика на 19 и почетокот на 20 век се темели на т.н. Мегали Идеја. Во политичка смисла терминот „Мегали Идеја" е употребен во јануари 1844 година, со цел да се основа неопходноста за единство на автохтоните (грците родени во рамките на Кралството Грција) и етерохтоните (Грците во рамките на Османлисктата Империја). Максималистичките идеи на оваа програма ги вклучуваат Грција, Епир, Тесалија, Македонија, Јонските и Егејските острови, Крит, Албанија, но и Србија, Бугарија, Дакија, Источното Средоземноморие, Мала Азија, сирија и сите области во кои живее „великиот Грчки народ" (Константинова, 2006: 64).
Концептот на „Големата идеја" се стреми кон создавање на голема Грција, од реката Мендерес во Мала Азија, до градот Едремит, длабоко во западните региони, со вклучување на градовите Измир, Ајдин и Мармара. Северна Тракија со Одрин, Галиполскиот полуостров, со вклучување на островите Имброс, Западна Тракија, Јужна Македонија до Прилеп, Јужна Албанија со регионот на Гирикастро, блиските острови и големиот медитерански остров Кипар. Главниот пропагатор на оваа идеја е Венизелос, кој станал и грчки премиер. Грчкиот историчар Кофос, пишува дека меѓу оние кои се застапувале за оваа идеја, се издвоиле две тенденции. „Идејата за Панхеленизам, или „Мегали идеја", која не ги зема во обзир правата и барањата на останатите балкански народи" и конзервативниот поглед, кој „кој активно се застапува за промоција на грчките национални интереси без да се води сметка за оправданоста на потребите и барањата на другите балкански држави" (Kofos, 1964: 30).

[5] Кога зборува за селото Арменско, Брејлсфорд не го користи називот „Бугари" и вели ...„Населението по крв и говор му е словенско, но и припаѓа на грчката партија и не зело учество во бугарското движење" (Брејлсфорд, 2003: 225) ...„старешината, попот и учителот се „Грци"- т.е. тие се Словени кои и припаѓаат на грчката фракција" (Ibidem, 195) Ова покажува дека терминот Грци се употребува за сите Патријаршисти, исто како што терминот Бугари се користи за припадниците на Егзархиската црква...исто така тој забележува- „Половината место (Дојран) во политиката беше „грчко", иако воопшто не се проговори грчки..." (Ibidem, 204).

Интензивната употреба на името „Македонија“ за политички цели во меѓународната политика по 1878 година, не значи дека називот не постоел од претходно, но може да значи дека тој добива нова симболичка важност во своето значење, што ќе произведе и партикуларност во креирањето на идејата за создавање на слободна држава. Ваквата идеја можеби во почетокот во голема мера ќе биде територијализирана,[6] но подоцна ќе се искристализира во насока на создавање на националност, која во себе ќе ги содржи сите етнички параметри. Многу од луѓето кои биле дефинирани како „безлична словенска маса“, „бугаро-егзархисти“, „грко- патријаршисти“, или едноставно „Словени“, „Бугари“, „Славофони Грци“ и сл., почнале себе си да се препознаваат под единствениот назив „Македонци“.

Во низа карти од 1877/8 е проширена границата на Грчката сфера се до Балкан планина. Станфорд од 1877 година тврди дека „Грчкиот јазик го разбираат сите луѓе на Балканот, дека Власите се од Грчка припадност и дека огромен број од т.н. Словени се всушност Бугарофони Грци, т.е. припадници на грчката националност кои сосема случајно не зборуваат Грчки“. Според овие претпоставки Балканот е културно и историски неодвоив од елинскиот свет. Така К. Николаидес[7] во 1899 година го изедначува Балканот со грчкото православие, а во оваа насока се креациите на Н. Касиас од 1903 г., Фокас Косметатос и В. Колокотронис. Во “La Macedoine et L’Hellenisme” на в. Колокотронис пишува: „во некои области во Македонија постои население Славофони, кои ја зачувале чисто грчката национална свест“. Според картата на Ф. Бјанкони од 1877, која се базира на нецелосни официјални османлиски податоци цела Македонија, Румелија и Албанија се претставени како грчки, според поделбата на населението според милетите, при што христијанскиот рум милет се изедначува со грчката националност. Според картата на А. Синвет, учител во Константинопол, од 1877 година Балканот во најголем дел е претставен како грчки, а во оваа категорија се сместени Власите и бугарофоните Грци (Вилкинсон, 1992: 95-99).[8]

Николаидес во 1899 година и покрај опасноста за грчките интереси во Македонија, во својата карта се базира врз основа на говорниот јазик, „но на „комерцијалниот“, а не на „мајчиниот јазик““.[9] Оттука неговата основна поделба е на:

Територии во кои е во употреба Грчкиот јазик;

Територии во кои е во употреба Словенскиот јазик; и

Територии во кои се во употреба Словенскиот и Албанскиот јазик (Ibidem, 138).

---

[6] Ова е изразено преку платформите на МРО т.е уставите од 1896 и 1905 година во кој Македонија се дефинира како територијална целина во која организацијата создава свои административно територијални структури (организациона мрежа – окрузи, околии, села ) и промовирање на принципот на автономија на Македонија како идна основа за создавање на политички систем во Македонија (Пандевски, 1974:18).

[7] Во 1899 година, Николаидес ги определува границите на Македонија

- На исток- таа се поклопува со административната граница на Солунскиот и Одринскиот вилает (од р. Места кон Родопите)
- На север границата е до Шар Планина и Црна Планина
- На запад се вклучени и областите на Корча
- На југ се протега до административната граница со Грција од 1881 година (Вилкинсон, 1992: 138, 139).

[8] Географски ограниченото знаење за Македонија беше трансформирано во Грција, каде „историска Македонија“се ограничува на деловите на Битолскиот и Солунскиот Вилает, османлиската територија претендирана од Србија е именувана како „Јужна Србија“, но во научната мисла деловите по Балканските војни се нарекуваат: Егејска, Пиринска и Вардарска Македонија (Brown, 2003: 42).

[9] Целите на картата на Николаидес од 1899 година се:

- Подршка на грчките политички аспирации;
- Подршка на српските барања во однос на „Стара Србија“
- Да се редуцира бугарската експанзија.

Интересно е дека во оваа карта на Николаидес грчките области се на север до р. Девол, Галичица, Охридското езеро и Струмица и Неврокоп на североисток. Картата на Николаидес „повеќе ја претпочита грчката сфера на културно и трговско влијание, отколку грчката етничка територија". Во оваа „грчка територија" на Македонија имало: 594 500 Грци, 324 000 Турци, 126 000 Словени, 79 000 Евреи и 37 000 Куцо-Власи. Словените се поделени во т.н. албанско- словенска област (р. Дрим, Тетово и Скопје, со 75 000 Албанци и исто толку Словени) и чисто словенска област (во која имало 57 000 Грци, 268 200 Словени и 182 000 Турци и Албанци). Притоа Словените се определени како „Срби, Бугари и Словени под грчко влијание" (Ibidem, 139, 140).

Во новата пост революционерна ера (се мисли на Француската револуција од 1889 г.), историската наука креира еден свет на живите и на мртвите, во кој живите зборуваат во името на мртвите и во тоа име го подгреваат национализмот (Андерсон, 277-279). Околу начинот на градење на монопол на историските митови веќе зборувавме во претходните делови на овој труд. Бугарија притоа ја користи близината со Словенскиот говорен јазик во Македонија, а Грција се обидува да ја изгради конструкцијата за грчкиот карактер на „историска Македонија".[10] Така, Брејлсфорд ќе забележи дека од историски причини „луѓето од Косово и на северозапад се Срби, додека луѓето од Охрид се јасно Бугари" -„Афинитетите на останатиот дел на Македонија се определуваат врз чисто политички основи" (Брејлсфорд, 2003: 161, 162). Исто така, тој дава пример за начинот на пласирање на историските митови- „Легендата дека Александар Велики бил Грк си заминува по еден пат, додека соперничкиот мит дека тој бил Бугарин доаѓа по друг" (Ibidem, 163). Доколку ни е познато за масовното користење на античките ликови, особено оној на Александар во промоцијата на грчката пропаганда, дотолку воопшто не е познато дека и Бугарската Егзархија ги користела истите. Заклучокот на кој упатува овој метафорички израз е дека населението во Македонија веќе ги чувствува како свои овие историски митови (без разлика дали се креирани или пренесени преку традициите), а основното врзивно средство е чувството за иста судбина кое произлегува од споделувањето на истата територија. Ова е само уште еден показател дека во раните фази на градење на националноста, територијалниот модел е клучот за конструкција на оптимум заедништво.

Можеби најстарата образовна пропаганда е грчката. Но не смееме да ја изедначуваме грчката пропаганда од периодот пред создавањето на грчката нација- држава и потоа. Односно пропагандата која претходи на грчкиот национализам има се- православен карактер, а грчката идентификација многу често има општествено статусна природа, врзувајќи се за занимањето, граѓанството и образованието.[11] Кон крајот на 19 век монополот на ваквата елита се заменува со овозможување за пристап на сите членови, кои стануваат „Грци" едноставно со припадноста на Цариградската Патријаршија, без разлика на културните или јазичните разлики. Со цел да се воспостави или зацврсти грчкото влијание биле формирани здруженија за промовирање на грчката култура, а исто така биле продуцирани и специјализирани изданија наменети за пропагандна активност. Во 1869 година, во Атина е формирано „Здружение за ширење на грчкото образование во Македонија", финансирано од специјално организирани „македонски фондови" (Abazi, 2007: 259). Етники Етерија

[10] Така Калиопулос ќе забележи: „Археологијата и историјата беа кледали не само како начин на перцепција на минатото пренесена преку образовното искуство, туку и како круцијален фактор во култивирањето на свесноста за минатите цивилизации, како и за решавањето на модерните проблеми. Оттука тие станале инструменти на амбициозните проекти на преобликување на сегашноста колку е возможно повеќе, а во согласност со со она што е сметано за историја на земјата" (Kaliopoulos, 2002: 244, 245).

[11] „Промената на образованието, на генерациите што доаѓаат им дала верба за промена на традиционалната општествено стратификациона положба, во која „Бугарин" било синоним за селанец, а „Грк" синоним за трговец" (Brooks, 2005: 99). Ова укажува на во различни временски периоди и контексти различното поимање и толкување на подоцна националните флоскули „Бугарин" и „Грк" (сесловенско, религиско, општествено статусно и сл.).
Модернизацијата како начин за ширење на грчките граници и територија е идеја елаборирана од Ј. Психарис: „Една нација, за да стане нација треба да ги прошири границите и да создаде своја литература". Оттука произлегува дека борбата за татковината и борбата за јазикот е дефакто една иста борба (Константинова, 2006: 84).

(Национално здружение) од 1894 година обезбедува значајни финансиски средства за образовната политика во Македонија.[12] За претходно споменатите цели и подобра организација на грчката мрежа во Битола е испратен Јоанис Драгумис (1902 г.). Претходно Патријаршијата го поставува Каравангелис за Костурски епископ (1900 г.), со што се создаваат и развиваат револуционерни мрежи (Brooks:2005, 105). Исто така се продуцирале книги во кои се зборувало за славата на Античка (Грчка) Македонија, како „Пророштвата на Александар", при што бесплатно биле дистрибуирани во училиштата (Ibidem, 101). Во рамките на грчката пропаганда се одело дури и кон печатење на книги на Словенски јазик, но испишани со грчки букви. Исто така во рамките на атинската организација „Источна федерација", создадена во 1884 година, била исфрлена идејата за создавање на автономна и неделива Албано- Македонија како дел од идната Балканска федерација. Но за организацијата, според Константинова, ова е само фаза на присоединувањето на областа кон Грција, што требало да се оствари преку наметнување на Грчкиот јазик во образованието (Константинова, 2006: 78).[13] По Илинденското востание, Егзархиската мрежа претрпела сериозни штети, што е искористено од Патријаршијата за обновување на дел од грчките училишта, а од 1904 година е лансирана и воена кампања, со што започнува „*Македонската борба*".

## Политиката на Грција и Македонското малцинство по Балканските војни

Уште со Балканските војни, Грција настојува да влијае во новоосвоените територии во Егејскиот дел на Македонија, за промена на идентитетот и структурата на затекнатото население. По втората Балканска војна, со Букурешкиот мировен договор, од 10 август 1913 година, Грција го запоседнала најголемиот дел од Македонскиот простор (вкупно 34 356 км квадратни, или 51 % од вкупната површина на Македонија). Спроведувањето на процесот на десловенизација и демакедонијација на населението, станува приоритет на државната политика.[14]

[12] Ваквите грчки здруженија во главно потекнувале од два центри. Атински базираните здруженија, како: Асоцијацијата за пропагирање на Грчката писменост (1974 г.), Комитетот за Подршка на Грчката црква и образование (1886 г.), Епикурскиот совет на Македонците (1903 г.), Комората на Мелас (1904 г.), и Здруженијата и асоцијациите базирани во Цариград, како на пример: Грчкото Филолошко здружение (1861 г.), Македонското Фил.- образовно братство (1871, г.), Хеленското здружение за писменост (1874 г.) и Образовното и Филандропско братство (1880 г.) (Anastasovski, 2005: 376).

[13] Предностите и недостатоците на грчката пропаганда можат да се сведат на неколку поважни карактеристики:

- Предност претставува традиционализираноста на Патријаршијата, која врската со бог ја воспоставувала на „светиот (Грчки) јазик";
- Трговските елити биле склони кон прифаќање на грчкото образование;
- Извесни проблеми се јавувале во однос на поделбата која настанала меѓу екуменизмот, протежиран од Цариградската Патријаршија и национализмот кој доаѓал од Атина и Конзулатите;
- Фокусот на грчките училишта бил ставен на изучувањето на Грчкиот јазик и литература, додека егзархиските училишта биле со модернизирани програми во кои била опфатена науката, практични дисциплини и странски модерни јазици;
- Проблем претставувал Грчкиот јазик (катаревуса), кој бил тежок за изучување дури и за Грците со говорен мајчин јазик, но и обесхрабрувачки за Словените, кои имале далеку поблизок јазик во Егзархиските училишта;
- Лошиот квалитет на наставен кадар, кај кој исто така отсуствувала мотивација е една од најзначајните недостатоци на Патријаршиските училишта. Имено наставниците преферирале да работат во Истамбул, Атина или Египет, отколку во земјата во која учениците не го разбирале јазикот;
- Исто така, во одредени историски моменти ситуацијата била отежната од лошите односи на Грчките влади со Портата. Такви примери има во 1881, 1886 и 1897 година;

Внатрешните проекти за модернизација на Грција (железници, патишта, Коринтскиот канал и сл.) ја исфрлиле од фокусот Македонија и дозволиле да се прошири бугарското влијание (Константинова, 2006: 101- 104).

[14] Како што веќе е споменато во воведниот дел, Егејскиот дел на Македонија бил етнички хетероген. Така, според бугарскиот етнолог и етнограф од почетокот на XX век, Васил К'нчов, од 1.059.277 жители, само 22.5% биле Грци по потекло или мајчин јазик (Киселиновски, 2001: 78). Дури и овие Грци во најголемиот дел не биле со вистинско Грчко потекло. Најчесто тоа биле доселени грцизирани Власи од Епир, или пак Македонци патријаршисти, најчесто припадници на трговско-граѓанската структура, кои се образувале во грчки училишта. Значи, ваквото грцизирано население, во

Првите посериозни етнички промени во Егејскиот дел на Македонија се појавиле уште во текот на Првата балканска војна, кога Грција ја окупирала денешна југозападна Егејска Македонија и градот Солун. Покрај воените операции, биле превземени особено жестоки мерки против турското цивилно население. Речиси сите турски села биле изгорени и ограбени, а голем дел од населението, спасот го побарал во градот Солун, или бегајќи заедно со турската војска. Покрај турското население, исто така настрадало и другото население кое било со исламска вероисповед, претежно Помаци, односно муслимани кои зборувале на македонски јазик и Албанци. Исто така, грчките воени власти спроведувале силни денационализаторски и репресивни мерки кај православното население, принудувајќи ги македонското население да се изјаснува како Грчко (Киселиновски, 2001: 79-81).

Втората балканска војна имала уште подалекусежни последици за етничката карта на овој дел на Македонија, особено во источните делови, каде што се воделе најголемиот дел од судирите меѓу бугарските и грчките трупи. Последиците од оваа војна прераснале во вистински геноцид врз македонското население. До темел биле разрушени повеќе градови, од кои најмногу настрадале Кукуш и Серес, кои потполно биле испразнети, а по колонизацијата која грчките власти ја спровеле по војните, речиси целосно го изгубиле староседелското население. Овие злосторства грчките војски не ги правеле од воени побуди, туку се искористувала една можност да се искорени македонското население и да се измени етничката слика во Егејскиот дел на Македонија. Притоа, се вршело етикетирање на македонското словенско население како “бугарско” (Каракасиду, 2002:78-83). Целта била ваквото население да се поврзе со бугарската држава и војска, и преку ваквата надворешна категоризација да се обезбеди ова население самоиницијативно, или под присила, да ги напушти своите домови и да се исели во Бугарија[15]. Оваа практика на етикетирање укажува дека при интеракцијата на сликата за себе си и јавната слика доаѓа до прилагодување. При тоа, се прилагодува и аспирацијата и идентитетот, при што идентитетот се наметнува преку етикетирањето или стигматизацијата (Dzenkins, 2001: 105-106).[16]

По крајот на Балканските војни, паралелно со процесот на инсталирање на грчката власт, се спроведувале и низа на мерки на принуда и притисоци врз поедини категории на население. Притоа

---

најголема мера е резултат на дејствувањето на грчката пропаганда во Егејскиот дел на Македонија, која систематски се спроведувала од 1870-те, до почетокот на Балканските војни. Како што веќе е споменато, ваквата пропаганда најчесто се одвивала под плаштот на Цариградската Патријаршија, која, преку своите црковно-образовни институции, била носител на грчкиот национализам од втората половина на XIX и почетокот на XX век. Конвергентните граници на Грчкиот национализам, заедно со пропагандата од овој период, биле носители на колективната свест, идентитетот и солидарноста (Каракасиду, 2002: 108-121). Како и останатите Балкански земји, така и Грција, правото на Македонија го полагала врз основа на неколку “историски точки”:

1. “Историските права” за поседување на Македонија, што Грција ги наследила од Античкиот период и средновековната Византиско-”Грчка” држава;
2. Сличностите во обичаите (најчесто се повикувале на сличните или идентични православни обичаи);
3. Верата-односно припадноста на Патријаршиската црква, додека Егзархиската црква била користена од Бугарската големодржавна политика; и
4. Говорниот јазикот, т.е и покрај тоа што мајчиниот јазик на поголемиот дел на населението бил не-грчки, Грција се повикувала на јазикот на кој се спроведувала литургијата, а исто така, како јазик на комуникацијата, грчкиот јазик бил Широко распространет кај трговско-граЃанскиот слој, (Извештај на Карнегиевата Балканска комисија, 2000: 58).

[15] За категоријалниот и изразито пејоративен, а не национален карактер на терминот “Бугарин” во “грчка Македонија”, види кај Каракасиду(Каракасиду, 2002: 140-151).

[16] Според извештајот на Карнегиевата комисија, која по крајот на Балканските војни ги испитувала злосторствата, нема сомнение дека селата изгорени од грчките војски, а кои се протегале на простор од 140 км, не биле пречка за воените акции, туку ова се правело за да се измени демографската слика на теренот. Во овој период биле изгорени околу 160 населени места. Во исто време, Бугарија добила околу 120 000 бегалци, од кои голем дел биле егзархисти, додека патријаршистите се населувале во деловите кои биле под грчка окупација. Во истиот период Егејскиот дел на Македонија добил околу 157.000 бегалци (Извештај на Карнегиевата Балканска комисија, 2000: 170-199).

муслиманското население започнало константно да ги напушта своите имоти и да мигрира кон Турција, исто така и голем дел македонско население, особено во пограничните реони, се иселувало во правец на Србија и Бугарија (читај кон Вардарскиот и Пиринскиот дел на Македонија). Паралелно со овие процеси, во Грција (делот на Егејска Македонија), првенствено од Тракија и останатите делови на Македонија, се доселувале Грци и патријаршисти.

Во текот на Првата светска војна, територијата на Македонија станала средиште на воените дејствија. Имено, во периодот 1916-1918 година, низ Македонија поминувал т.н. Солунски или Македонски фронт. Во овој период настрадале голем број населени места во Егејскиот дел на Македонија кои се наоѓале долж фронтовската линија. Најголеми последици, како и во Балканските војни, доживеале областите на потегот Дојран-Кукуш-Орфански залив. Миграционите движења во главно продолжиле да се одвиваат во два правци, и тоа: од деловите на Македонија окупирани од Централните сили кон деловите окупирани од Антантата во овој период се иселиле околу 14 000 лица; и обратно, од деловите под контрола на Грчко-антантините сили, кон деловите под контрола на Бугарија се иселиле околу 41 000 лица. Но и покрај асимилаторската политика на Грчката влада и воените години, земајќи го во предвид природниот прираст, по крајот на Првата светска војна, во Егејскиот дел на Македонија останале да живеат од 270-300 000 Македонци (Киселиновски, 2001: 81-84).

Според одредбите на Севрскиот мировен договор (10. авг. 1920 год.), кој се однесувал на Грција по крајот на Првата светска војна, Грција била обврзана да ги почитува националните права на негрчкото население. Така, со членот 2, од овој договор, Грција се обврзала да даде полно и целосно покровителство на животот и слободата на сите жители, без разлика на раѓањето, народноста, јазикот или религијата. Со членот 3, се признавало правото на државјанство на сите граѓани кои живееле во Грција по 1913 година, членот 7 гарантирал еднаквост на сите граѓани пред законот и нудел гаранции за политичките права, а членот 10 ги гарантирал правата на Евреите. Со членот 9, од истиот договор, Грчката влада се обврзала да овозможи школување на мајчин јазик на сите нејзини граѓани кои биле од не грчко потекло, а биле доминантно мнозинство во средините каде што живееле (Гласник на ИНИ/1-2, 1983: 161-173). Но официјалната владина политика во пракса не само што не ги спроведувала ваквите решенија, туку продолжила да делува во правец на создавање на нациоинално единство и етнички монолитна држава. Одлуките на Севрскиот договор биле кршени, а за спроведувањето на членот 9, не станувало ни збор.

Првата светска војна завршила поволно за Грција. Таа максимално го искористила историскиот момент по завршувањето на истата и успешно ги реализирала националните планови и интереси. На Бугарија, како на поразена страна во војната, и биле наметнати условите на склучувањето на мировниот договор. Договорот помеѓу Бугарија и Грција бил потпишан во Неј, на 27 септември 1919 година. Она што Грчката влада не успеала да го реализира на воен план, сега имала можност да се оствари со дипломатски средства. Со овој договор била потпишана Конвенција за миграција на малцинствата (Ibidem). Со оваа Конвенција, се предвидувала “доброволна” размена на населението. Притоа, македонското словенско население било етикетирано како бугарско, и по автоматизам било подложно на ваквиот меѓудржавен договор.[17]

[17] Со Нејскиот мировен договор и со подоцнежните неколку билатерални договори кои Грција ги склучила со Бугарија, за прв пат во мирновремени услови, биле реализирани плановите за принудно иселување на населението од Егејскиот дел на Македонија. На местото на македонското мнозинско население, грчката влада започна да спроведува активна политика на колонизација на грчко население дојдено од внатрешноста на Грција. Оваа државна внатрешна колонизација била тивка, бесшумна, но упорно и во континуитет е спроведувана од грчките власти. Колонизацијата започнува по Втората Балканска војна и активно се спроведува се до 1923 година, од кога на сцена стапува надворешната колонизација. Така, во периодот непосредно по потпиешувањето на Нејскиот договор, во Егејскиот дел на Македонија биле колонизирани повеќе од 50 000 Грци (Киселиновски, 2001: 81-84).

Потврдата овој договор ја добил неколку години подоцна, кога на 29 септември 1924 година, била потпишана спогодбата Калафов-Политис. Со овој билатерален договор, грчката влада, во согласност со притисоците кои доаѓале од Друштвото на Народите, и официјално го признала македонското население како “малцинство кое зборува словенски” (Ортаковски, 1998: 165-167).[18]

По иселувањето на македонското население по сила на спогодбата Калафов-Политис, Егејскиот дел на Македонија започнал посериозно да ги чувствува етнографските промени. Главното иселување притоа се однесувало на централниот и источниот дел на Егејска Македонија. Најтешки промени доживеале Демирхисарско, Кукушко, Ениџевардарско, Солунско и Серско. Грчката влада, покрај иселувањето кое настанало по сила на договорот со Бугарија за “доброволна” размена, за да го промени демографскиот состав на населението спроведувала и други мерки. Така биле спроведени мерки за неприфаќање на економските емигранти, кои од овој дел заминале на привремена работа во Европа и Америка. Овие луѓе биле строго евидентирани, и им се забранувал секаков пристап во делот на Македонија под Грција.[19]

Интересно е да се напомене дека во меѓународните односи и прашањето на малцинствата на балканските земји, Грција спроведува систематска политика на двојни стандарди. Пред југословенската влада која барала македонското малцинство да се признае како српско, грчката влада истапува со тезата дека Македонците од Егејскиот дел на Македонија се Бугари, а пред бугарската влада се истапува со тезата дека ова население е “славо-македонско”, а не бугарско (Ташевска-Ременски, 2007: 120).

Крајот на Првата светска војна, за Балканот означи еден нов период на национално преструктуирање. Така се редефинираа границите на Србија, и која заедно со Хрватите и Словенците градеше еден нов државен троен идентитет, кој подоцна ќе еволуира во југословенизмот. На југот на Балканот, исто така, новите услови налагаа на Грција да се насочи кон барање дипломатско решение за проблемот на “словенското” малцинство. Во исто време, на крајниот источен раб на Балканот се роди и разви концептот на Младотурците за изградба на модерната турска нација. Новата турска држава, во значајна мера редефинирана и смалена во однос на дотогашната Отоманска империја, ги прифати Вилсоновите принципи за правото на секоја нација да изгради сопствена држава и се зафати со реализацијата на планот на Ататурк, за создавање на етнички монолитна држава. Крајот на Првата светска војна резултираше со геноцидот спроведен над Ерменците, во кој настрадале и голем број православни туркофони кои биле етикетирани како Грци. Тие притоа започнале да се иселуваат од Мала Азија и претежно да се населуваат во Грчкиот дел на Македонија и во Западна Тракија. Судирот помеѓу грчкиот Мегали национален концепт и турскиот концепт за создавање на турската нација-држава се чини бил неизбежен. Од Грчко-Турската војна (1921-1922 год.), Грција излегла како апсолутен губитник, со што во мошне неповолни услови го потпишува Лозанскиот мировен договор (1923 год.).[20]

---

[18] Притоа, Друштвото на Народите ги назначило полковникот А. Кројф и мајор Марде де Ровер за да ја испитаат состојбата со малцинствата на самиот терен. Од страна на грчката влада, во 1925 година бил изготвен и учебник, т.н Абецедер, кој требало да гарантира спроведување на членот 9 од Севрскиот договор. Но како и многу други пропаднати малцински проекти, и овој бил саботиран од самата Грција, а во пракса биле спроведени само одредбите кои се однесувале на размената на населението.

[19] Така на пример, само во Леринско на повеќе од 1000 лица им биле одбиени барањата за враќање (Киселиновски, 2001: 81-84). Исто така, освен македонското, со овие договори страдало и влашкото население. Во периодот од 1925 до 1937 година, околу 6000 влашки семејства биле раселени од Македонија и населени во Добруџа и Романија (Ibidem).

[20] Ваквата политичка ситуација ги условила двете земји, да го потпишат Лозанскиот мировен договор со кој се предвидувала задолжителна размена на населението меѓу Грција и Турција, и тоа: од Турција во Грција, требало да се исели целокупноти христијанско население, вклучително Грци, туркофони православни, и Ерменци; и обратно, од Грција кон Турција, биле иселени сите муслимани, вклучително Турци, Помаци, Албанци, Роми и др. Исклучок бил направен само за Грците кои живееле во Истамбул и за муслиманите кои живееле во Западна Тракија. Во периодот од 1924 до 1928 година во Грција биле доселени повеќе од 1 200 000 православни, од кои најголемиот дел биле населени во Тракија и

Со овие нови и најмасовни миграциони движења, дефинитивно се измени етничката слика на јужниот дел од Балканскиот Полуостров. Егејскиот дел на Македонија од етнички хетероген, со доминантно македонско (словенско) население, се повеќе го добиваше ликот, кој децении наназад бил исцртуван од грчкиот национализам. Главната дирекција за колонизирање во Грција (ЕАП), формирала три главни секции за Македонија, и тоа за Источна (Серско, Драмско, Кавалско), Централна (Солун, Пела, Халкидики) и Западна Македонија (Костурско, Леринско, Кожанско). По овие етнографски промени, според пописот спроведен во Грција во 1928 година, во Егејскиот дел на Македонија живееле 1. 165. 553 или 82.5% грчко население, додека останатиот негрчки елемент изнесувал 246. 924 или 17.48%. Според податоците кои ги дава Друштвото на Народите, грчкиот елемент изнесувал 88%, 5.1% биле Македонци (оквалификувани како "бугаризирани"), а турскиот елемент броел 0.1% од вкупното население на Егејска Македонија (Ibidem,75-80).

Во грчката култура и историја, приказната за бегалците има прераснато во национален еп. Со нивното доаѓање национализмите во грчка Македонија испитале некои од дијалектичките спротивности кои произлегуваат од нивните принципи. Дури и многу години подоцна, ваквиот егзодус буди емоции кај населението. Но треба да се нагласи дека нивните идентитети во голема мерка се редефинирани дури по доаѓањето од Мала Азија. Додека на пример, за Вотсон, уште во XIX век, Малоазиските делови на Отоманската империја биле поголем расадник на грчкиот протонационализам, дури и од оние во самата Грција (Watson, 1993: 119-123). Дотогаш, Каракасиду укажува на фактот дека многу од бегалците кои се населуваат во Егејскиот дел на Македонија, во почетокот со себе носеле друг идентитет, кој повеќе се доближувал до турскиот (многу од нив не ни знаеле да зборуваат грчки), а дури подоцна кај овие луѓе под влијание на институциите на грчката држава, преку национализмот го редефинирале истиот, со што и de facto станале дел од грчката нација (Каракасиду, 2002: 171-189). Исто така, значаен сегмент од изградбата на нивниот идентитет е етикетирањето и стереотипите кои домородното население (допии) ги градело во однос на нив. Така, тие биле етикетирани како *Thrakiotes*, или *Pontii*, и во првите децении по населувањето биле затворени внатре во нивните групи, при што немало мешање со староседелците. Интересно да се спомене е дека во деловите на Грчка Македонија, каде што овие луѓе се населувале, а староседелците биле Грци, доселениците во главно останале на долните скалила на стратификационата скала. Но во оние делови каде што староседелците биле Македонци (уште и т.н. славофони или *dopii makedones*), доселениците бргу го превзеле приматот на локална елита. Сево ова говори за насоките на владината политика и нејзината вешта манипулација со доселениците (Ibidem,171-189).

Треба да се споменат уште неколку значајни елементи кои во овој период влијаеле на промената на националниот и етничкиот идентитет во периодот до Втората светска војна. Прво, треба да се спомене решавањето на аграрното прашање, односно прераспределбата на земјата на бившите турски големопоседници. Аграрната политика е тесно поврзана со социјалната структура на населението. Членовите на етничките групи, како такви не се дефинирани на својата недоброволна припадност и несвесна интериоризација на групните вредности, т.е. етничките групи се образуваат кога поединците сакаат да се здобијат со одредени материјални добра (Putinja, 1997: 112). Следствено на ова во деловите каде што населението давало отпор на наметнатиот идентитет, најдобрата земја исклучиво била доделувана на доселениците (Каракасиду, 2002: 193-209). Како второ, треба да се спомене законот за промена на сите македонски (словенски) топоними во грчки, кој стапил во сила на 21 ноември 1926 година (Киселиновски, 1981: 137). Покрај ова, биле променети сите лични имиња и презимиња на македонското население. Со оваа мерка се настојува преку надворешната категоризација, со време да се промени и внатрешната самоидентификација на населението. Притоа, се настојува да се избрише секоја трага и врска со минатото која би укажувала на посебниот идентитет. Третиот значаен фактор е бруталната диктатура која ја спровел Јоанис

Македонија (во Егејска Македонија биле населени 567 143 лица), а од Грција во Турција биле иселени околу 350 000 муслимани (Киселиновски, 1981: 75-80).

Метаксас во триесеттите години на XX век. Во овој период било забрането македонскиот јазик да се употребува дури и во домовите, а секое прекршување на оваа забрана најсурово се казнувало. Покрај овие елементи, на промената на идентитетот влијаеле и други фактори, како што се: мешаните бракови, кумовските врски (Каракасиду, 2002: 229), миграцијата во градовите каде што населението било поподложно на асимилација, и секако, институциите на грчката држава (образованието, воената обврска, локалната администрација и сл.) и црквата, кои традиционално играле важна улога во дефинирањето на индивидуалната и групната идентификација. Етничките промени во Егејскиот дел на Македонија за време на Втората светска војна (1941-1945 год.) и Граѓанската војна во Грција (1946-1949 год.)

За време на Втората светска војна, етничката слика во Грчка Македонија, како и во цела Грција значително не се изменила. Во овој период националното прашање, како и во многу делови на светот, се врзува со антифашистичката борба. Значајно е да се спомене фактот, дека малцинските групи во Грција отсекогаш биле пролевичарски ориентирани. Во Егејскиот дел на Македонија, во периодот од 1943 до 1945 година, биле формирани голем број партизански единици, особено во деловите на северозападниот нејзин дел, каде дел од единиците биле во состав на единиците на Комунистичката партија на Грција. Но имало и такви воени единици, кои се организирале самостојно на национонална основа, како што биле единиците на Славјано-Македонскиот народно ослободителен фронт (СНОФ), во Костурско, кои бил составени исклучиво од Македонци. Исто така, одреден број на партизани од Егејскиот дел на Македонија (Егејската бригада), се вклучиле во конечното ослободување на Вардарскиот дел на Македонија, со што уште еднаш се потврдила нивната силна етно-национална определба. Значајно е да се спомене и тоа, дека во периодот на Втората светска војна, Егејскиот дел на Македонија остана без своето Еврејско малцинство, кое беше елиминирано во фашистичките логори на смртта.

По крајот на Втората светска војна, како и за време на истата, избија силни несогласувања во редовите на антифашистичкото движење на Грција. Согласно идеолошката и стратешка определба (кон западните Сојузници или кон СССР), движењето се подели на левица и десница. Оваа поделба го предизвика разгорувањето на Граѓанската војна во Грција, по која малцинствата во Егејскиот дел на Македонија ќе доживеат уште еден егзодус. Се смета дека 40% од силите на комунистички контролираната ДАГ биле Македонци. Уште за време на Граѓанската војна, сметајќи ги Македонците за потенцијално нелојални кон грчката држава, Грција, на 1 окт. 1947 година, носи декрет за одземање на државјанството, по што следуваат чекори за нивно отстранување од земјата (Ортаковски, 1998: 284). Според проценките на Здружението на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија и на Црвениот крст, за време на Граѓанската војна во Грција 25-30 000 деца на возраст од 2 до 14 години, од кои најголемиот дел Македонци, биле протерани во Југославија или некоја од источно-европските земји. Во периодот од 1946-1949 година над 50 000 Македонци се принудени да емигрираат надвор од Грчките граници, а повеќе од 17 000 се сметаат за загинати (Ibidem).[21] Најголемиот дел од Македонското малцинство, заедно со извесен број припадници на Влашкото малцинство, по 1949 година останале да живеат во грчка Македонија, главно концентрирани во нејзиниот западен дел, околу градовите Лерин, Воден, Костур, Кожани, Кајлари и други места. Но, грчката влада и понатаму продолжува да работи на својот еднонационален концепт, не признавајќи никакви малцински права на овие етнички групи.

[21] По крајот на Граѓанската војна во Грција, во Егејскиот дел на Македонија, според некои проценки останале да живеат околу 200.000 Македонци, во главно групирани во нејзините западни делови (Ibidem). Но нивната положба и понараму останала тешка, бидејќи грчката влада продолжил и понатаму во континуитет да ја спроведува политиката на промена на нивниот идентитет. До овој период, ваквата политика веЌе успешно била спроведена во Источна и Централна Македонија, каде што поголемиот дел на населението, особено повоените генерации на млади биле воспитани и израснати во грчки национален дух.

Во периодот по завршувањето на Граѓанската војна, на 23 авг. 1953 година е донесен декретот бр. 2536, на грчката влада, со кој се пропишувало задолжително колонизирање на пограничните подрачја со "*нови колонисти со здрава национална свест*". Притоа на местото на иселените Македонци се населувале Грци. Овој декрет се однесувал исклучиво на Македонското малцинство, бидејќи од истиот биле исклучени Турците од западна Тракија. Во овој период е спроведена забраната за употребата на "славомакедонски" имиња и формулари, односно во официјалните преписки можеле да се користат само грчки формулари. Со истиот декрет 2536 од 1953 година, бројните Македонци-бегалци од Грција- се лишени од грчкото државјанство и им се конфискувани имотите (Ibidem...: 258). Во почетокот на 1954 година, ‚Македонците се сменети од јавните служби во Егејска Македонија, а во 1959 година грчката влада донела закон за принудно давање изјава за лојалност. Притоа од населението во селата околу Лерин, Костур и Кајлари, грчките власти барале јавна потврда дека не се зборува македонскиот јазик. Ваквите мерки притоа воделе кон голема емиграција на населението од овие краишта, кое заминувало првенствено во Америка и Австралија.

Воената диктатура во Грција, од 1967 до 1974 година, за припадниците на македонското малцинство значела само влошување на нивната положба, со интернирање и затворање на многу од нив. Во 1967 година е донесена интерна наредба за забрана на употребата на македонскиот јазик, уставен акт за одземање на државјанството, како и други мерки за асимилирање на Македонците. Исто така, се до крајот на XX век, се вршат конкретни притисоци преку образовниот систем, дискриминацијата во однос на вработувањето во државните служби и слично. Во осумдесеттите се донесени нови законски акти кои имаат дискриминаторски однос во однос на положбата на малцинствата. Имено, со Одлуката бр. 106.841 од 1982 година за репатриација на грчките државјани и политичките бегалци, во Грција можат да се вратат само "Грци по род", односно само оние кои Ќе се откажат од својот македонски идентитет. Законот бр. 1540 од 1985 година има дискриминаторска клаузула која оневозможува остварување на имотните права на Македонците во Грција (Ibidem).

Од деведесеттите години на XX век, по добивањето на независност на Република Македонија[22], малцинското прашање во Грција добива нова димензија. Ксенофобијата кон македонското малцинство и македонското прашање воопшто, во почетокот на деведесеттите години се чини апсолутно неразбирлива. Борбата за името, за Грција не е единствено претендирање кон историското античко минато, туку претставува суштинска борба за одржување на институционално креираната колективна историска меморија, како и рушење на митот за повеќемилениумскиот идентитетски континуитет на грчката нација. Во грчкото инсистирање на географска употреба на терминот Македонија, проследен со создавањето на своја територија на Грчки-Македонски суб-идентитет со изразито географски карактер, се настојува да се одржи системски креираната внатре национална кохезија. Притоа стравот не е свртен само кон повторното будење на етничките идентитети на автохтоното, уште и т.н. "славофоно", "македонско" или "*dopii Makedones*" (нашинско) население, туку и кон се уште целосно не интегрираното доселено население (*Thrakiotes u Pontyos*). Исто така, овде мора да се напомене и стравот од отворањето на останатите малцински прашања, како што се Влашкото, Албанското и Турското.

Главните активности на македонското малцинство во Грција, во овој период се свртени кон организацијата "Виножито" предводена од Павлос Воскопулос. Исто така, постои тенденција за

[22] Со стекнувањето на независност на Р. Македонија, во Р. Грција се креира амбиент на создавање на меѓудржавен спор, кој во прв план се однесува на името на македонската држава, постоењето на македонската нација и јазик, како и постоењето на македонското малцинство во Р. Грција (Ташевска-Ременски, 2007: 281-285). Притоа како резултат на притисокот спроведен од Р. Грција во меѓународните институции, Р. Македонија беше принудена да промени делови од својот устав (6. јан. 1992 год.); да прифати да стане членка на ООН, под привремената референца Поранешна Југословенска Република Македонија; да влезе во разговори под покровителство на ООН за изнаоѓање на решение по разликите околу името; а на 13. сеп. 1995 година беше потпиешана и т.н. Привремена спогодба (Interim Acord), со која Р. Македонија се обврза на дополнителни отстапки во поглед на заштитата на сопственото малцинство и промена на знамето, а за возврат Р. Грција се обврза дека нема да го попречува нејзиното влегување во меѓународните организации (Ibidem, 269-276).

создавање на независна Македонска црква, а истапи во оваа насока има Воденскиот (Флоринскиот) архимандрит Никодим Царкњас (Царкњас, 2002: 333-334). Грчката влада притоа врши силни притисоци, но прашањата за правата на македонското малцинство се повеќе се изнесуваат надвор од нејзините граници, во Советот на Европа, ОБСЕ, и Меѓународниот суд за човековите права. Така на 10. јули 1998 година, Европскиот суд за човекови права донесе пресуда значајна за Македонците кои живеат во Егејскиот дел на Македонија. Во случајот Сидеропулос и другите против Грција, Судот одлучи дека Грција го прекршила нивното право на слобода на здружување, гарантирано со членот 11 на Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи (Ортаковски, 1998: 287-291). Во своето социо-антрополошко истражување, спроведено во деведесеттите години на XX век во околината на Солун, Анастасија Каракасиду укажува на флуктуирачкиот идентитет на жителите на Асирос. Таа заклучува дека многу од идентитетите на минатото станале “необично туѓи, закопани под стратиграфијата на меморијата и историјата во земјата наречена Македонија” (Каракасиду, 2002: 259). Она на што всушност се укажува е влијанието на грчкото општество врз промената не само на моменталниот идентитет на жителите на Грчка Македонија, туку на менувањето на историската колективна свест и сеќавање. Во најголемиот дел на Централна и Источна Грчка Македонија, оваа метаморфоза на идентитетите е успешно спроведена. Притоа, доколку во триесеттите години на XX век, кога се врши дефинирањето на етничкиот идентитет првенствено треба да се потпреме на субјективните дефинирања, во деведесеттите, државниот грчки систем може слободно да ги пласира своите “објективни” дефинирања за континуитетот на грчката национална и колективна свест, од антиката па до денес. Границите притоа имаат одлучувачко влијание. Етничките групи не се разгледуваат единствено како културни групи, туку како типови на организирање засновани за доделувањето и самоприпишувањето на поединците, т.е. на поедините етнички категории (Putinja, 1997: 125). Степенот на системската и општествената интеграција на различните категории на населението е во правопропорционален однос со успешноста на процесот на хеленизацијата во овој дел од Македонија. Ова било овозможено и со неприкосновената хегемонија, која ја има Грција на овие простори, во производството на културата-нација. Без оглед на претходниот идентитет, јасно било дека по 1913 година луѓето од Грчка Македонија мораат да бидат само и единствено Грци (Каракасиду, 2002: 269).

На овие констатации треба да се напомене постоењето на дискриминаторски членови на грчкото позитивно право, како што е членот 19 од Законот за Државјанство, кој прави разлика меѓу грчки граѓани од грчка националност и оние кои не се, при што само последните, доколку ја напуштат Грција, можат да бидат лишени од грчкото државјанство. Исто така произлегувајќи како обврска од членувањето на Р. Грција во меѓународните организации, истата иако ги потпишала, се уште ги нема ратификувано Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства и Европската повелба за регионални малцински јазици (Ташевска-Ременски, 2007: 278-289).

**Наместо Заклучок**

Уште пред осамостојувањето на Република Македонија, Грција манифестира поспецифичен однос кон распадот на СФР Југославија и создавањето на нови држави на тој простор. Нивната загриженост особено се однесува на создавањето на независна Македонија на нејзината северна граница. Грција особено била загрижена од поставувањето на „македонското прашање“. За грчките стравови да оживеат придонесуваат некои наследени историски контроверзии, пред сѐ по Балканските војни, но и некои актуелни политички интереси поттикнати од промените на Балканот.

Оттука, Грчката политика кон новосоздадениот сосед се одвива во неколку насоки на вршење на конкретен притисок, вклучувајќи дипломатска блокада за признавање на земјата, а по случувањето на т.н. Привремена спогодба суптилна и отворена блокада на Евро-атланските интеграции, што ќе кулминира со блокадата за членство во НАТО на самитот во Букурешт во 2008 година, понатаму,

конкретни економски притисоци во првите години на независноста вообличени во форма на економско ембарго, па дури и воени закани манифестирани преку скандирања на воените паради во Грција и конкретни воени вежби на границата со Република Македонија.

Клучот на ваквата политика на Република Грција кон Република Македонија е во т.н. „територијализација на националниот мит“, која треба да обезбеди монополна грчката политика врз севкупното историско и културно наследство над територијата која е денес во нејзин состав. Ваквата политика не е новитет и може да се следи уште од крајот на 19 и почетоците на 20 век, кога е исфрлена грчко- српската теза за Македонците како „*mass floitant*“, понатаму конструкцијата „славофони“ како неодредена категорија подложна на „легитимна“ асимилација, па се до неуспешните обиди за „југословенизација“ на македонското население во рамките на СФРЈ. Проблемот на ваквата грчка политика е во обидите за национална релативизација на македонскиот национален субјективитет, кој „би требало целосно да се откаже од веќе спомнатото наследство, со претензии не само на античкиот период, куку и на средновековното наследство произведено од Кирил и Методиј, па се до националните преродбеници и револуционери како што се К. П. Мисирков и Гоце Делчев“.На крајот конкретната политика Грција ќе ја манифестира со политиките на блокада за интеграција на Р. Македонија во Евро- Атланските структури, што отворено беше демонстрирано на самитот на НАТО во Букурешт.

## БИБЛИОГРАФИЈА

[1] Abazi Bozeva, Katrin. 2007. *The Shaping of Bulgarian and Serbian National identities, 1800-1900s*. Skopje: INI.
[2 ]Adanar, F. 1998. *The Socio- Political Environment of Balkan Nationalism: The Case of Ottoman Macedonia 1856-1912*. Nederland’s: L luver Law International.
[3] Anastasovski, Nick. 2005. *Contestations over Macedonian Identity, 1870- 1912*. Melburn, Victoria: School of Social Sciences.
[4] Андерсон, Б. 1998. *Замислени заедници*. Скопје: Култура.
[5] Брејлсфорд, Х. Н. 2003. *Македонија*. Скопје: Култура.
[6] Brooks, J.A. 2005. *“Shoot the Teacher!” Education and The Roots of the Macedonian Struggle*. MA Theses, Department of History: Simon Fraser University.
[7] Brown, K. 2003. *The Past in Question, Modern Macedonia and Uncertainties of nation*. New Jersey: Princeton University Press.
[8] Вилкинсон. 1992. *Картите и Политиката*. Скопје: Култура.
[9] Clogg, R. 1993. *A Concise History of Greece*. Cambridge: Cambridge University press.
[10] Poulton, H. 1995. *Who are the Macedonians?*. London: Hurst & Company.
[11] Гласник на ИНИ. 1983. Година XXVIII 3, бр. 1-2, септември-декември. Скопје: ИНИ.
[12] Dzenkins, R. 2001. Etnicitet u novom kljucu. Beograd: Biblioteka XX vek. Доневски, Г. (ред). 2001.
[13] Етничките промени во Егејска Македонија во XX век. Скопје: Здружение на децата-бегалци од
[14] Егејскиот дел на Македонија. []Извештај на Карнегиевата Балканска комисија. 2000.
[15] Поранешните Балкански војни (1912-1913). Скопје: Култура.
[16] Kaliopoulos, J. 2002. *Greece, The Modern Sequel, from 1831 to the present*. London: Hurst & Company.
[17] Каракасиду, А. 2002. Полиња жито, ридишта крв. Скопје: Магор.
[18] Киселиновски, С. 1981. Грчката колонизација во Егејска Македонија (1913-1940). Скопје: Мисла.
[19] Константинова, Ю. 2006. „Превръщането на Мегали идея в държавна доктрина на Кралството
[20] Гърция“. Во *Историческо Бъдеще*, Брой 1-2. София: Асоциация Клио.

[21] Kofos, E. 1964. *Nationalism and Communism in Macedonia*. Thessaloniki.
[22] Миновски, М. 2008. *Македонија и Бугарија, историски соочувања*. Штип: 2-ри Август.
[23] Ортаковски, В. 1998. Малцинствата на Балканот. Скопје: НУБ "св. Климент Охридски".
[24] Пандевски, М. 1974. *Националното прашање во Македонското ослободително движење (1893- 1903)*. Скопје: Култура.
[25] Putinja, F. &Zoslin Stref-Fenar. 1997. Teorije o etnicitetu. Beograd: Biblioteka XX vek.
[26] Ташевска-Ременски, Фросина. 2007. Македонското национално малцинство во соседните земји: Современи состојби. Скопје: 2-ри Август С.
[27] Хобсбаум, Е. 1993. Нациите и национализмот. Скопје: Култура.
[28] Царкњас, Никодим. 2002. Интервју со архимандритот Никодим Царкњас. Во Етно-Антропо зум. Списание на заводот за Етнологија. Скопје: Природно-математички факлует.
[29] Watson, H.S.1993. Nacije i drzave. Zagreb: Globus.